OHRIDSKA BANKA

Врз основа на член 38, став 1, точка 1 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на 30.6.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Статутот на**
**Охридска банка АД Скопје**

1) Се вршат измени и дополнувања на Статутот на Охридска банка АД Скопје, НО бр. 0203-1718/2-1 од 13.1.2020 година, и тоа:

– **Се менува членот 17 од Статутот и тој сега гласи:**

„Почетниот капитал (основната главнина) на Банката изнесува 1.683.677.500,00 денари.

За износот од претходниот став на овој член се издадени 635.350 обични акции со право на глас со вкупна номинална вредност од 1.683.677.500,00 денари."

– **Се менува членот 114 од Статутот и тој сега гласи:**

„Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Охридска банка АД Скопје, НО бр. 0203-1718/2-1 од 13.1.2020 година."

2) Предлог-одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Охридска банка АД Скопје стапува во сила по усвојувањето на измените и дополнувањата на Статутот од страна на Собранието на Банката и по издавањето согласност од гувернерката на НБРСМ и од тој датум престанува да важи Статутот на Охридска банка АД Скопје, НО бр. 0203-1718/2-1 од 13.1.2020 година.

3) Се утврдува пречистениот текст на Статутот на Охридска банка АД Скопје, кој е составен дел на оваа Одлука.

**СО бр. 0201-32457/10**
**30.6.2020 г.**
**Скопје**

**Собрание на**
**Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во согласност со Законот за банките („Сл. весник на РСМ“ бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 15/2015, 153/2015, 190/2016, 7/2019 и 101/2019), Собранието на акционерите на Банката ги усвојува Статутот и измените и дополнувањата на Статутот на Банката.

За измена и/или дополнување на Статутот, Банката е должна да поднесе барање и да добие претходно согласност од гувернерката на НБРСМ, а Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Банката стапува во сила по добивањето на согласноста од страна на гувернерката на НБРСМ.

Измените и дополнувањата на Статутот на Охридска банка АД Скопје, НО бр. 0203-1718/2-1 од 13.1.2020 година, имаат за цел да го усогласат Статутот на Банката со извршеното зголемување на акционерскиот капитал на Банката.

Измената на член 17 од Статутот се врши во согласност со донесената и спроведена Одлуката на Собранието на акционерите на Банката, СО бр. 0201-21172/3 од 8.5.2020 година, за зголемување на акционерскиот капитал на Банката, кое се изврши преку издавање на 119.000 обични акции со право на глас од 13. емисија по пат на приватна понуда на институционален инвеститор.

Со износот на 13. емисија на обични акции со право на глас, Банката го зголеми акционерскиот капитал за 614.992.000,00 денари, со што вкупниот број на акции достигна до 635.350 обични акции или 1.683.677.500,00 денари акционерски капитал по номинална вредност.

На ден 20.5.2020 година Банката изврши упис на зголемената главнина во Трговскиот регистар на Р Северна Македонија, а на ден 21.5.2020 година изврши упис на податоците за издадените акции како хартии од вредност во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Охридска банка АД Скопје стапува во сила по усвојувањето на измените и дополнувањата на Статутот од страна на Собранието на Банката и по издавањето согласност од гувернерката на НБРСМ и од тој датум престанува да важи Статутот на Охридска банка АД Скопје, НО бр. 0203-1718/2-1, од 13.1.2020 година.